Република Северна Македонија

**Министерство за здравство**

бр. 17-2614/32

01.07.2020 година

Врз основа на член 57 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа (Службен весник на Република .Македонија, бр 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, и 51/11) и член 283 од Законот за здравствената заштита („Службен весник на Република Македонија" бр. 43/12, 145/12, 87/13, 164/13, 39/14, 43/14, 132/14, 188/14, 10/15, 61/15, 154/15, 192/15, 17/16, 37/16 и 20/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19, 153/19, 180/19 и 275/19), а во врска со Законот за заштита на населението од заразни болести („Службен весник на Република Македонија" бр. 66/04, 139/08, 99/09, 149/14, 150/15 и 37/16) а во врска со заклучокот на Комисијата за заразни болести донесен на седницата на ден 24.06.2020 година за отпочнување со вршење на министерот за здравство донесе

РЕШЕНИЕ

I

Се отпочнува со спроведувањето на систематските прегледи на децата од училишна возраст и младина согласно Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.277/19) и здравствените прегледи (систематски, претходни, насочени и периодични) на вработените согласно Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на Република Македонија" бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015 и 30/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 18/2020), со денот на влегување во сила на ова решение.

II

Продолжувањето на вршењето на систематските прегледи на децата од училишна возраст и младина согласно Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Северна Македонија за 2020 година ( „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.277/19) и здравствените прегледи (систематски, претходни, насочени и периодични) на вработените согласно Законот за безбедност и здравје при работа („Службен весник на


Министерство за здравство на Република Северна Македонија
ул. 50-та Дивизија бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500 www.zdravstvo.gov.mk

Република Македонија“ бр. 92/2007, 136/2011, 23/2013, 25/2013, 137/2013, 164/2013, 158/2014, 15/2015, 129/2015, 192/2015 и 30/2016 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 18/2020) ќе се врши со динамика која ќе ја одреди здравствената установа која ги спроведува прегледите односно со претходно закажување на термин за преглед и доследно почитување на предходно донесените препораки за работа на службите за медицина на труд во време на пандемија со COVID -19.

III

Со денот на влегува во сила на ова решение престанува да важи решението бр. 17-2614/1 Од 19.03.2020 година.

IV

Ова решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

**МИНИСТЕР,**

**Доц. д-р. Венко Филипче**



Министерство за здравство на Република Северна Македонија
ул. 50-та Дивизија бр. 14, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 3112 500
www.zdravstvo.gov.mk